**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Se Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 20.06.2023

| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlere |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 2547 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јуни 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 јуни 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 6 јуни 2023 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на членот 14 од Законот за медиуми** (*објавување импресум*).

Спротивно на точката 15 од „*Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците*“, во целините од куси радиовести насловени: „Бизнис вести на Метрополис“, „Една минута позитивни вести“, „Спортски вести“, ниту на најавна ниту на одјавна шпица не беа објавени:

- *името и презимето на уредникот на конкретното издание на вестите;*
- *името и презимето на спикерот/новинарот;*
- *името и презимето на лицето задолжено за техничко водство на емисијата;*
- *датумот на продукцијата (ден, месец и година);*
- *името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.*

Спротивно на точката 20 од Упатството, пак, не беше објавена оригиналната најавна/одјавна шпица со задолжителни податоци за импресумот на радиодневникот што Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје го презема од - „Радио Слободна Европа“.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| „Бизнис вести на Метрополис“; | 10:09:20 | 10:10:25 | *Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, радиодифузерот ни на најавна ни на одјавна шпица не објави импресум за наведените изданија на вестите;* |
| | 12:09:28 | 12:10:36 | |
| | 14:11:12 | 14:12:10 | |
| | 16:10:51 | 16:11:57 | |
| „Една минута позитивни вести“; | 11:14:41 | 11:16:37 | |
| | 12:12:38 | 12:14:33 | |
| | 13:14:29 | 13:16:23 | |
| | 14:12:56 | 14:14:54 | |
| | 15:14:24 | 15:16:20 | |
| | 16:13:37 | 16:15:33 | |
| | 17:14:32 | 17:16:29 | |
| | 18:07:40 | 18:09:35 | |
| „Спортски вести“; | 09:09:55 | 09:11:01 | |
| | 11:11:50 | 11:13:15 | |
| | 13:12:13 | 13:13:09 | |
| | 15:10:54 | 15:11:46 | |
| | 17:10:58 | 17:11:52 | |
| „Радио Слободна Европа, програма на македонски јазик“. | 19:00:15 | 19:15:00 | |
| | 22:00:12 | 22:15:00 | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, на програмскиот сервис од 6 јуни 2023 година, емитуван на државно ниво, Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, ниту на најавна ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радиовести, насловени: „Бизнис вести на Метрополис“, „Една минута позитивни вести“, „Спортски вести“ и „Вести од Радио Слободна Европа“.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за

постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***